Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден, врз основа на одредбите од член 37-м од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), одредбите од чл.20-д Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), одредбите од чл.20 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.01-230/1 од 25.12.2017 година и одредбите од чл.34 од Статутот на ЈКП ,,Водовод" н.Илинден, на ден 16.07.2021 година, во рамките на своите права и овластувања ја донесе следната

авно комунално претпријатие
ВОДОВОД
Бр. 04-154/4
16.07.2021 год.
Илинден, Илинден

# ОДЛУКА

**за избор на кандидати по јавен оглас 02/2021**

1. **За 1 (еден) извршител на работното место Чувар - пожарникар со лиценца во Стручна служба - Одделение за пумпни станици и резервоари - шифра КДР 04 02 А02 002 - 1 (еден) извршител се избира кандидатот:**

   **- Борче Божиновски**

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од член 1 на оваа Одлука по конечноста на одлуката за избор и со потпишување на Договор за вработување.

3. Оваа одлука ќе се објави на интернет страната на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден и ќе се достави до сите пријавени кандидати за ова работно место.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 26.06.2021 година, на интернет страната на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден и во Дневните весници "Нова Македонија", "Вечер" и "Коха", за потребите на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден објавен е јавен оглас за пополнување на слободно работно место во Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден.

Со Решение на Директорот на претпријатието со арх.бр.04-143/2 од 25.06.2021 година формирана е Комисија за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 02/2021.

Согласно одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги, се спроведе постапка за вработување по предметниот оглас, утврдена со Записник за извршена проверка во постапка за административна селекција по Јавниот оглас 02/2021 од 14.07.2021 година и Записник за спроведено интервју во постапката по Јавниот оглас 02/2021 од 15.07.2021 година.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 02/2021 изготви Конечна ранг листа, со предлог до Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден за избор на најдобро рангиран кандидат, со која за работното место Чувар - пожарникар со лиценца во Стручна служба - Одделение за пумпни станици и резервоари - шифра КДР 04 02 А02 002, Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 02/2021 како најдобро рангиран кандидат го предложи: кандидатот Борче Божиновски (со вкупно 85 освоени бодови во сите фази на селекција).

Врз основа на Конечната ранг листа и предлогот на Комисијата за селекција во постапката за вработување на даватели на јавна услуга по јавниот оглас 02/2021, Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Водовод" н.Илинден изврши избор како во Диспозитивот на Одлуката.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право во рок од 8 (осум) дена од приемот на истата да поднесат жалба до Управниот одбор на претпријатието

Д.Н.
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Пријавените кандидати

ЈКП ,,ВОДОВОД" н.Илинден
Директор
М-р Марјан Милошевски, дипл.маш.инж.

Јавно комунално претпријатие ВОДОВОД н. Илинден Илинден